| | |
|---|---|
| Предмет | ЗДРАВСТВЕНА НЕГА НА ДЕЦАТА И МЛАДИНАТА СО ПЕДИЈАТРИЈА |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломирана мед.сестра/техничар |
| Код: | СМС/Т-221 |
| Студиска година | Втора |
| Семестар | Четврти |
| Вкупно часови | 360 |
| Кредити | 14 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за запишувањ е во втора година |
| Изведува: | Клиника за педијатрија |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Софијанка Гламочанин |
| Адреса: | Клиника за педијатрија, Водњ анска 17, Скопје<br>Тел. +389 2 3147 711 e-mail:sglamocanin@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за медицински сестри и техничари , професионални предмети, педијатрија |
| Учебни цели | • Да ги научи принципите, методите и процесите на здравствената нега на децата и младината<br>• Да се научи на интердисциплинарен пристап при негата на децата и младите со вклучувањ е на родителите и другите одговорни за здравствената нега на децата<br>• Да се оспособи за индивидулна здравствена нега со децата и младината<br>• Да се оспособи за работа во ординација за примарна здравствена заштита<br>• Да се оспособи за етички пристап при однесувањ ето со децата, младината и нивните родители<br>• Да се здобие со најновите сознанија од подрачјето на педијатријата (медицинска терминологија, симптоми, методи, дијагностички и терапевтски процедури) |
| Кратка содржина | Теоретска настава:<br><br>Здравствена нега на деца и младина (80 часа)<br>• Педијатриска здравствена нега и апликација во теоретскиот модел<br>• Вклучување на возрасните во здравствената нега на децата и младината<br>• Пракса од педијатриска нега, заснована на докази<br>• Апликација на процесите на здравствена нега на поединечни основни животни активности<br>• Дефинирање на негователна дијагноза<br>• Поими од континуирана здравствена нега<br>• Здравствена нега на здраво дете по разни возрасти<br>• Здравствена нега на недоносени<br>• Здравствена нега на болно дете<br>• Особености на здравствената нега на дете што пати и/или умира<br>• Исхрана на здрави деца со обука за доењ е на доенчињ ата<br>• Диететска исхрана кај хронично болно дете<br>• Наследни болести- пристап и нега<br>• Болнички и амбулантски пристап |

| | |
|---|---|
| | **Педијатрија (предавањ а 40 часа):**<br>• Педијатриска пропедевтика<br>• Раст и развој на дете<br>• Неонатологија:<br>➢ компликации и повреди за време на раѓањ е<br>➢ конгенитални аномалии<br>➢ болести на респираторни и дигестивни органи<br>➢ жолтица при раѓањ е<br>➢ инфекции и сепса во неонатален период<br>➢ конвулзии во неонатален период<br>➢ предвремено родени<br>➢ болни и недоносени<br>➢ грижа и исхрана<br>• Имунитет и имунодефицит<br>• Алергии<br>• Болести на респираторенсистем<br>• Болести на ендокринолошки систем<br>• Болести на дигестивен систем<br>• Болести на бубрези, уринарен тракт и гениталии<br>• Болести на срце<br>• Болести на нервен систем<br>• Болести на хематопоетскиот систем<br>• М алигни болести<br>• Превентивна педијатрија<br><br>**Пракса (200 часови):**<br>Праксата е задолжителна и се изведува на различни одделенија под водство на ментор-професор и мед.сестра одговорна за тој оддел. Студентот е должен да се вклучи во сите активности од подрачјето на здравствената нега во текот на полно работно време, при што води дневник за своите активности. |
| Организација | **Теоретска настава**: 2 часа неделно (120 часа)<br>**Пракса:** престој во тек на полно работно време (200 часа) |
| М етоди на учење | Интерактивни предавања, семинари, клиничка пракса |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање**:<br>Студентот ќе се стекне со знаењ е и разбирањ е за најчестите здравствени проблеми на децата и младината и ќе ги совлада основните принципи на здравствената нега во тој домен.<br>**Клучни вештинии:**<br>Студентот ќе биде оспособен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаењ а. |
| Специфични препораки за настава | **Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењ ето за да добие потпис.**<br><br>Бодирање на активностите на студентот:<br><br>Вид на активност — Бодови<br>Теоретска настава * — 5-10<br>Пракса ** — 15-25<br>Континуирани проверки-2 — 15-25<br>Практичен испит — 25-40<br>Вкупно: — 60-100 |

| | |
|---|---|
| | * присуство на теоретска настава:<br>51% - 60% - 5 бода;<br>61% - 70% - 6 бода;<br>71% - 80% - 7 бода;<br>81% - 90% - 8 бода;<br>91% -100% - 10 бода.<br><br>** практична настава (200 часа): секој час носи по 0.15 бода<br>присуство - 0.05 бод<br>активност - 0.1 бод<br><br>**Условувачки критериуми:** Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската настава и праксата за да пристапи на континуираната проверка и практичниот дел од испитот. Проверката е писмена. Практичниот дел на испитот се изведува по завршувањ е на праксата и се состои во проверка на практичните знаењ а, оценка на дневникот (документацијата за негата) и оценка на однесувањ ето и ангажманот на студентот. О ценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги и континуираните проверки и практичниот испит. Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од континуираните проверки и практичниот испит, во спротивно, се јавува на комплетен завршен испит.<br><br>**Комплетен завршен испит**: Испитот е писмен и/или практичен. Се состои од континуираните проверки и/или практичниот дел на испитот на коишто студентот не освоил минимум бодови. |
| Учебни помагала | **Основни:**<br>Авторизирани предавања од Катедрата. |